# Newsletter 004:

## Транспарентност на платите во практика: Предизвици и решенија

## ОД ТЕОРИЈА ДО ПРАКТИКА: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ТРЕНСПАРЕНТНОСТА НА ПЛАТИТЕ

Директивата на Европската унија за транспарентност на платите претставува клучен чекор кон намалување на родовиот јаз во платите. Меѓутоа, нејзината имплементација во секојдневното работење на компаниите и државните органи донесува значителни предизвици. Во овој билтен ги истражуваме главните пречки во имплементацијата на транспарентност на платите и стратегиите кои што можат да ја олеснат нејзината ефикасна примена.



### ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРИМЕНАТА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПЛАТИТЕ

И покрај законодавните напредоци, некои од главните проблеми со кои организациите со соочуваат вклучуваат:

- Недостаток на свеста и отпор кон промени:; Многу компании не се свесни за придобивките од транспарентноста на платите или се плашат од нејзиното влијание врз интерното управување;
- Проблеми во собирањето и анализирањето на податоци за платите: Недостигот на ефикасни системи за проценка на еднаквоста во платите може да ја одложи примената на корективните мерки;
- Низок степен на учество на работниците и синдикатите: Отсуството на ефикасен социјален дијалог може да го ограничи влијанието на реформите;
- Нееднаква усогласеност по сектори: Некои сектори брзо напредувале во прилагодувањето на Директивата, додека другите сè уште покажуваат отпор или им недостасуваат ресурси.

Co-funded by the European Union

## РЕШЕНИЈА ЗА ЕФИКАСНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Проектот Mind The GAP промовира клучни стратегии што им помага на земјите и компаниите да ги надминат овие предизвици:

- Обука и подигнување на свеста: Работилници и обуки за компании, работници и синдикати за придобивките од транспарентноста на платите;
- Развој на технолошките алатки: Креирање на дигитални платформи што им овозможува на компаниите брзо и ефикасно да ја оценат еднаквоста во платите;
- Јакнење на социјалниот дијалог: Промовирање на просторот за преговарање помеѓу работодавачите и работниците за да се обезбеди ефикасна примена на прописите;
- Следење и одговорност: Воспоставување на системот за следење за да се обезбеди правилна имплементација на Директивата во различни земји.

**Кон иднина со поголема еднаквост во платите**

Иако имплементацијата на транспарентност на платите носи предизвици, таа исто така дава единствена прилика за напредување кон поправедно општество во кое постои еднаквст. Преку проектот Mind The GAP, работиме за тоа да ги трансформираме прописите во опиплива реалност што им користи на сите работници.

Во наредниот билтен, ќе се занимаваме со влијанието на транспарентноста на платите во одредени сектори, како што се технологијата, здравството и образованието.

**Заедно можеме да го премостиме родовиот јаз во платите!!**

Co-funded by the European Union

*"Финансира Европска унија. Изнесените ставови се мислење на самиот(ите) автор и не ги одразуваат нужно ставовите на Европска унија или Европска комисија. За нив не може да се смета дека се одговорни ниту Европска унија ниту органот што ги доделува средствата."*